РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1605/2
17-08-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 37-та седница одржана на 29.07.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1605/1 од 31.03.2026 година, против Тимот за --- при Државното --- училиште ---, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-1605/1 од 31.03.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 31.03.2026 година, поднесена е пријава против Тимот за --- при Државното --- училиште ---. Имено, според подносителот Тимот за --- при Државното --- училиште ---, неправилно, нецелосно и пристрасно го извршило следењето и вреднувањето на работата на подносителот во однос на постапката за негово унапредување во наставник-ментор.

*Според член 89 став 1 точка 9 од Закон за средното образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008,*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020, 78/2025, 132/2025 и 250/2025), училишниот одбор на државното средно училиште: одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето.*

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување. Ова од причина согласно Закон за средното образование училишниот одбор на државното средно училиште одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето. Дополнително, видно од содржината на пријавата, подносителот не го искористил горенаведениот правен лек.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата